Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 08.10.2020

На 07.10.2020 околу 23.00 часот, полициски службеници од СВР Велес од слобода го лишиле Т.Ј.(26) од Велес, затоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана и семки од растението канабис сатива. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2020 околу 23.30 часот на автопатот Неготино – Демир Капија, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Х.Б.(44) и М.О.(34) од Велес, поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" по чл.215 од Кривичниот законик. Против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2020 во 20.15 часот било пријавено дека на крстосница од ул. „Ѓорче Петров" и ул.„Македонски војски" во Скопје, патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(39) од Скопје, удрило во пешаците Д.К.(60) од Пехчево и малолетен пешак од Скопје. Во незгодата Д.К. се здобила со тешки телесни повреди, а малолетникот со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.10.2020 во 01.15 часот на граничниот премин „Јажинце", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", според член 206 став 1 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, од слобода бил лишен М.И.(29) од Косово. Тој бил предаден во Полициска станица Тетово за понатамошна постапка.

На 07.10.2020 во 15.00 часот било пријавено дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје, мопед „пиаџио", со скопски регистарски ознаки, управуван од В.Б.(24) од Скопје, паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.10.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, Л.А.(51) од Скопје пријавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2020 во 22.10 часот било пријавено дека на крстосница од улиците „Генерал Васко Карангелески" и „11 Октомври" во Прилеп, патничко возило „фолксваген голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.У.(43) од Прилеп, удрило во пешакот Л.П.(66) од Прилеп. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 07.10.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Драчево, В.П.(82) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2020 околу 20.45 часот, во гостиварско Здање, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода В.С.(23) од Гостивар, затоа што при преглед кај него биле пронајдени марихуана и таблети екстази. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што против него ќе биде изготвен поднесок.

На 07.10.2020 на булевар „Туристичка" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Н.М.(45) од Охрид, затоа што при преглед во патничко возило „фиат мареа", со струшки регистарски ознаки, во кое се наоѓал, биле пронајдени марихуана и семки од канабис сатива. Н.М. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2020 околу 02.00 часот во Кавадарци, при извршување на тешка кражба на дрзок начин, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го фатиле и од слобода го лишиле Џ.А.(25) од Кавадарци. Покрај ова дело, во изминатиот период лицето е сторител на повеќе кривични дела. По целосно документирање на случаите, против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2020 во 23.45 часот во Македонски Брод, полициски службеници од Полициска станица Македонски Брод го лишиле од слобода В.С.(21) од Македонски Брод, затоа што физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2020 во 13.50 часот во СВР Скопје, Ј.К.(32) од с.Франгово, струшко, пријавил дека бил измамен од две лица во Скопје. Според пријавеното, околу 10.30 часот на подрачје на Центар едното лице го пресретнало и побарало да му помогне за превод со друго лице, за да му плати во врска со направена сообраќајна незгода. Исто така, според пријавеното, првото лице побарало од второто лице да купи часовник и заминало во банка да извади пари. Како што е пријавено, со изговор дека треба да оди во болница, второто лице го оставило часовникот на Ј.К. и му побарало пари. Според пријавеното, Ј.К. му дал 250 швајцарски франци, 100 американски долари и 100 евра, по што лицето заминало. По одредено време двете лица не се вратиле, по што Ј.К. заклучил дека го измамиле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2020 околу 23.00 часот во Кочани, полициски службеници од Полициска станица Кочани го лишиле од слобода А.С.(23) од Кочани, затоа што физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен и задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2020 во 12.10 часот на место викано „Компосара" на магистралниот пат Делчево – Штип, атар на Кочани, полициски службеници го лишиле од слобода Е.А.(29) од Виница, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.10.2020 во 02.30 часот во СВР Скопје, 63-годишна жена од скопско село пријавила дека на 07.10.2020 околу 22.30 часот, по претходна расправија, физички била нападната од нејзината 40-годишна ќерка, при што ѝ била нанесена тешка телесна повреда, констатирана во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2020 во 12.20 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници опреле патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Ш.(22) од с.Студеничани, скопско. При преземање мерки против него, Х.Ш. почнал да се однесува агресивно кон полициските службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.10.2020 околу 03.00 часот на ул.„Благоја Паровиќ" во Скопје, Д.Ф.(31) од Скопје се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2020 во Полициското одделение Попова Шапка, К.Б.(52) од Р.Албанија пријавила дека Ф.Д.(26) од Р.Албанија, за кој на 02.10.2020 беше пријавено дека се оддалечил од имотот каде што работел во с.Бејце, тетовско, на 06.10.2020 се вратил во неговиот дом во Р.Албанија.

На 07.10.2020 во 16.40 часот на подрачје на Полициската станица Центар, полициски службеници го лишиле од слобода И.С.(34) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против Р.К.(35) од с.Самоков, општина Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 04.03.2020 во домот на пријавениот во с.Самоков полициски службеници извршиле претрес и пронашле пиштол „A.S.V PRAZE", калибар 9 мм и рамка со осум куршуми, за кои не поседувал дозвола.